**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А  А Д – С К О П Ј Е**

# О Д Л У К А
## за повторно именување на независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

**Скопје, Март 2020**

Врз основа на член 26 од Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (С.О. Бр.394/19.11.2019 пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје на седницата одржана на 03.2020, ја донесе следната

ОДЛУКА
за повторно именување на независен член на
Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје повторно го именува Г-дин. Владимир Филиповски за независен член на Надзорниот одбор.

2. Мандатот на членот на Надзорниот одбор од член 1 на оваа Одлука ќе трае четири години.

3. Оваа Одлука влегува во сила по добивањето на согласноста од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија за негово повторно именување за член на Назорниот одбор.

С.О.Бр. ____
__.03.2020
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Во Согласност со Законот за Банки и Статутот на Стопанска банка АД – Скопје (СБ или Банка), членовите на Надзорниот одбор се именувани од страна на Собранието на акционери на СБ. Мандатот на членовите е утврден на 4 (четири) години. Секое именување е предмет на одобрување од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија. Во согласност со Законот за Банки, најмалку ¼ (една четвртина) од членовите на Надзорниот одбор треба да бидат независни членови. Лицето именувано за независен член на Надзорниот одбор, не може да биде именувано подолго од 3 (три) последователни мандати.

Со оваа Одлука, се предлага, Собранието на акционери повторно да го именува Г-дин. Владимир Филиповски со втор мандат како независен член на Надзорниот одбор. Г-дин Филиповски, првично беше именуван како член на Надзорниот одбор во Февруари 2016, а неговиот сегашен мандат истекува во Април 2020. Г-дин Филиповски е реномиран Професор на Економскиот Факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје.

Земајќи го во предвид неговиот значителен придонес во работењето на Надзорниот одбор се предлага Г-дин. Филиповски повторно да се именува за независен член на Надзорниот одбор со уште еден мандат.

Во согласност со Законот за Банки, предложеното именување ќе влезе во сила од моментот на добивањето на релевантната согласност од Гувернерот на Народна Банка на Република Северна Македонија.

Скопје, Јануари 2020 НАДЗОРЕН ОДБОР